**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„НИКОЛА КАРЕВ” - ПРОБИШТИП**

# Анализа на воспитно - образовната работа за првото полугодие од учебната 2021 - 2022 година

**ПРОБИШТИП,**
**ЈАНУАРИ 2022**

# Вовед

Седиштето на ООУ„Никола Карев“ - Пробиштип е во населбата Калниште, ул.„Тодор Александров“ бр.30. Реонот на училиштето е утврден со одлука на Министерството за образование и Советот на општина Пробиштип и ги опфаќа училишните обврзници од населба „Карпош“, населба „Калниште“ и сите селски населби од југозападниот дел на Општината.

Во составот на ООУ„Никола Карев“ работи и едно подрачно училиште во с.Стрмош, со две паралелки ( I и IV одд.), како и дел од нижото музичко училиште, кое е верифицирано и работи во состав на ООУ„Браќа Миладиновци“ - Пробиштип.

Во комплексот на училиштето се наоѓаат уредени дворни површини, отворени спортски терени, покриен базен и спортска сала.

Наставата во ООУ„Никола Карев“ - Пробиштип се изведува на Македонски јазик, во една смена. Предметна настава се изведува во специјализирани училишни кабинети, додека одделенската настава се изведува во училници.

Училиштето во својот простор организира и реализира воспитно - образовна работа според Планот и програмата на Министерството за образование и наука. Тоа е отворено училиште, неговите врати се отворени за сите ученици, за нивните родители и за сите оние кои што се заентерсирани да дадат свој придонес во воспитно - образовната работа.

Тоа го покажува и изјавата на нашата мисија: **„Почитување на личниот развој на секој ученик и наставник, училиште во кое односите се културни, толерантни, соработнички, а раководењето е јавно, праведно и поттикнувачко“.**

Од самата мисија произлегува нашето основно мото: **„Покажете им на луѓето дека верувате во нив и тие ќе се обидат да ја оправдаат вашата доверба“.**

Нашата визија е: **„ Современа, модерна, ефикасна и квалитетна настава, приспособена според потребите и интересите на учениците во една безбедна и позитивна училишна средина “.**

Она кон што се стремиме е да создадеме училиште со современи услови за работа, едуциран наставен кадар, интерактивна соработка меѓу наставниците, учениците и родителите, училиште во кое ќе се применуваат нови наставни форми и методи за работа во наставата, училиште со пријатна атмосфера, во кое наставникот максимално е мотивиран да работи, а ученикот максимално отворен за соработка.

## Организација и реализација на

## воспитно - образовната работа

## 1.Настава

**Редовната настава во учебната 2021/2022 година започна навреме односно на први септември (среда).** Претходно беа направени сите неопходни организациони подготовки за непречено одвивање на воспитно - образовната работа, според посебни протоколи кои беа изготвени од страна на МОН, и доставени до секое училиште. Сите училишни простории беа адаптирани и средени да ги примат учениците за нормално функционирање на наставно-воспитниот процес. Навреме е извршена распределба на часови по предмети и предметни наставници како и распределба на ученици по паралелки и одделенски раководители. Беа доделени бесплатни учебници за сите ученици. **Оваа учебна година за учениците од прво и четврто одделение започна да се реализира и новата Концепција за основно образование.**

„Така што, учениците од прво и четврто одделение може да очекуваат интересен пристап во совладувањето на новите содржини, во постигнувањето на резултатите од учење, активно да бидат вклучени во сите активности на часот, но и во целиот живот и работа на училиштето, да истражуваат, да стекнуваат знаења преку поврзување на сопственото искуство со тоа што го изучуваат на училиште, да решаваат проблемски ситуации, да учествуваат во проекти и да ги поврзуваат научените нешта во нов контекст. Учениците од прво и четврто одделение од оваа учебна година ќе престојуваат по 5 саати

во училиште, дел во настава, дел во учество во различни активности од нивен интерес (воннаставни активности, училиштен театар, работилници, акции итн), ќе имаат слободни изборни активности и слободни изборни предмети, поинаков пристап во домашните задачи, интересни материјали за учење итн. Со еден збор, учениците да имаат „училиште по нивна мерка“,

„Во процесот на обучување за планирање на новите наставни програми наставниците се сретнаа со повеќе предизвици. Сценариото за час е новост и бара детален опис на активностите во чекори, затоа што активностите на часот служат за постигнување на стандардот, а не за реализација на содржината.

„Предизвиците остануваат во врска со започнувањето на учебната година, со начинот на изведување на наставата во зависност од ширењето на пандемијата, но се надеваме дека и тоа ќе биде надминато, имајќи го предвид искуството од минатата година на користење на Националната платформа и на сите дигитални алатки.

„При подготовка на материјалите авторите се водени од целта за развивање на критичко размислување, креативност и проактивност кај учениците. Токму затоа тие изобилуваат со забавни содржини, експерименти, истражувања и интересни илустрации. Преку користење на овие учебници учениците ќе ги развијат своите вештини за креативно изразување, критичко размислување, комуникација и соработка, што се, всушност дел од Националните стандарди”,

Во учебниците се забележуваат интерактивни слики, видеа, квизови, игри и анимации. Преку нив учениците треба на разбирлив и позабавен начин да ги надополнат своите сознанија за природата и светот околу себе, природните богатства и нивното значење и зачувување.

**Материјалите за четврто одделение се дигитализирани, така што за поуспешно реализирање на наставата во нашето училиште за сите ученици од четврто одделение се набавени таблети. Додека во училниците за прво и четвро одделение каде се спроведува новата концепција набавени се и инсталирани интерактивни табли.**

**Новата Концепција целосно ке се спроведе во деветолетката во следните пет до шест години.**

Исто така, **на крајот од минатата учебна година преку анкетни листови со понудени изборни предмети учениците имаат можност да изберат изборен предмет**

кој ќе го изучуваат во текот на оваа учебна година. Па така, учениците од **петто одделение** го избраа предметот **Творештво**. Учениците од **шесто одделение** го избраа предметот **Етика на религиите. Учениците од седмо одделение** го избраа предметот **Вештини за живеење,** учениците од **осмо одделение** го избраа предметот **Проекти од информатика** а учениците од **деветто одделение** го изучуваат предметот **Програмирање.**

Исто така, **учениците од шесто одделение како втор странски јазик** имаа можност да бираат помеѓу Германски, Руски и Италјански јазик. Па како втор странски јазик **избраа Германски јазик и Италијански јазик. Учениците од прво одделение имаат слободни активности, а додека со учениците од четврто одделение се реализираат слободни изборни предмети кои беа одбрани по пат на анкета.**

Учениците од трето и петто одделение како задолжителен предмет го изучуваа предметот Работа со компјутер и основи на програмирање.

И оваа учебна година исто така се применува наставната програма **,,Кембриџ" за предметите математика и природни науки (физика, хемија и биологија)** како во шесто одделение, така и во седмо, осмо и деветто одделение, па затоа во текот на овој дел од учебната година особено внимание посветивме на соодветното планирање и реализација на оваа програма.

**Вложување во подобри услови во нашето училиште е еден од приоритетите на кои целосно сме посветени. Подобри услови за работа, поквалитетен образовен процес и подобри услови за спортување на децата. Инвестираме во нашите деца.**

- Набавени се и инсталирани интерактивни табли за училниците во кои учат учениците од прво и четврто одделение односно се спроведува новата Концепција за основно образование;
- Набавени се и таблети за сите ученици во четврто одделение;
- Набавени се нови клупи и телевизори во училниците за продолжен престој и други училници каде сто има потреба од истите;
- Набавени се и други дидактичко - методски помагала неопходни за реализација на наставата.

Во рамките на **Еразмус + програмата,** од страна на Националната агенија за европски образовни програми и мобилност, **на нашето училиште му беше одобрен грант** под број 2020-1-PT01-KA229-078566_1 **за проектот „Рамноправна инклузија преку здрав начин на живот и спорт“ кој продолжува да се реализира и оваа учебна година.**

Главната цел на проектот е зголемување на физичката активност кај учениците, образование за здрав начин на живот со што ќе се зголеми нивната физичка и психолошка благосостојба, гарантирање на еднакви права и можности за учениците со попреченост и промовирање на интеграција на луѓе од различни раси и потекло преку отворена соработка помеѓу учениците и наставниците со што ќе се усвојат и применат нови кампетенции, методи и техники во образовниот процес.

Координатор на проектот е Кристина Кастро од училиште во Селерико де Басто, Португалија. Додека главните **координатор за ООУ„Никола Карев“ - Пробиштип се Даниела Милевска Јакимова - професор по Англиски јазик и книжевност и Бисерка У.Митевска - професор по Германски јазик и книжевност.**

**На 01.09.2020 год. топло добредојде на првачињата им упати Директорката на училиштето Атинка Б.Стојчевска,** како и нивните наставнички и им посакаа успех во основното образование.

## 2. Број на ученици, училишни паралеки

Во првото тромесечие, **во учебната 2021/2022 год. во училиштето наставата ја посетуваат 395 ученика. Во одделенска настава се запишани 210 ученика и 185 ученика во предметна настава.**

**Од вкупнава бројка во ПУ во с.Стрмош има вкупно 3 ученика.**

Воспитно-образовната работа во училиштето ја реализирааат 41 наставник, од кој 12 во одделенска, 2 во дневен престој, и остатокот односно 27 се во предметна настава.

Од прегледите на раководителите на паралелките, за овој класификационен период за учебната 2021/2022 год, во ООУ„Никола Карев” - Пробиштип, може да се констатира следното:

- Во одделенска настава се запишани вкупно 210 ученика, од кои: во прво одделение има вкупно две паралелки со 45 ученика, во второ одделение исто така две паралелки со 36, трето одделение две паралелки и 46 ученици, четврто две паралелки 48 ученици и во петто одделение две паралелки со 45 ученика.

Додека во ПУ во с.Стрмош има 3 ученика, од нив 1 се во прво одделение и 2 во четвртто одделение.

Со ова **вкупно 210 ученика се од прво до петто одделение.**

- Во **предметна настава има 185 ученика**. Од нив во шесто има три паралелки со 51 ученика, во седмо три паралелки со 43, во осмо две паралелки со 38 и во деветто одделение вкупно три паралелки со 53 ученика.

**Оваа бројка подолу е претставена табеларно**

| ООУ„Никола Карев“ - Пробиштип | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Одделение** | **Ученици** | **Паралелки** |
| **1** | **I** | 44 | 2 |
| **2** | **II** | 36 | 2 |
| **3** | **III** | 36 | 2 |
| **4** | **IV** | 47 | 2 |
| **5** | **V** | 45 | 2 |
| **Пу.с.Стрмош** | **I** | 1 | 1 |
| **Пу.с.Стрмош** | **IV** | 2 | 1 |
| **Вкупно ученици од I до V одд.** | | **210** | **12** |
| **1** | **VI** | 51 | 3 |
| **2** | **VII** | 43 | 3 |
| **6** | **VIII** | 38 | 2 |
| **4** | **IX** | 53 | 3 |
| **Вкупно ученици** | | **185** | **11** |

| | | |
|---|---|---|
| **од VI до IX одд.** | | |
| **Вкупно ученици од I до IX одд.во учебната 2021/2022 год.** | **395** | **23** |

## 3.Оценување на учениците

Во текот на првото полугодие наставниот кадар во начинот на оценување ги применуваше усното и писменото проверување, потоа разни видови на тестови и контролни задачи кои беа изготвени од страна на самите наставници.

. **Учениците од IV, V и VI одделение, кои на полугодие добиваа бројчани оценки, и оваа учебна година 2021/2022 и на полугодие се описно оценети.**

**Своите оцени наставниците (класните раководители) ги еведентираат во евидентни листови, кои ги добиваат родителите на закажаната Родителска средба.**

## 4. Дополнителна и додатна настава

Пандемијата со КОВИД 19, освен за редовната настава, промени донесе и во реализирање на додатната и дополнителната настава. Но и покрај тоа, таа се реализираше, кај учениците со физичко присуство како и кај учениците кои наставата ја следеа oniline.

Дополнителна настава се изведува по сите наставни предмети, каде што се јавува потреба од истата. **Дополнителна настава се организира за учениците кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето**, особено ако имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет, отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет или пак на барање на ученикот или неговите родители, односно старател.

**Додатна настава се изведува со оние ученици кои покажуваат интерес за проширување на своето знаење**, односно оние ученици кои покажуваат, постигнуваат

значителни резултати по одделни наставни предмети. Таа се реализира по изготвен план и програма од страна на наставниците.

Од минатата учебна година исто така постои и нов начин на планирање на **дополнителна и додатна настава**, која се заснова на **месечно планирање од страна на наставниците.** На почетокот од секој нов месец, наставниците даваат извештај за текот на месецот во кој денови и со кое одделение ќе бидат реализирани дополнителната и додатна настава.

## 5. Слободни ученички активности

Во почетокот на учебната година секој наставник добива задача да формираа секција и изврши избор на ученици кои ќе членуваат во истата. При вклучувањето на учениците во секциите, наставниците се раководеа од принципот на доброволност и наклонетост на учениците кон предметот. Но пред се, се водеше сметка за оптовареноста на учениците, при што е зацртано **еден ученик да членува во најмалку две секции.**

**Својата активност овие секции ја манифестираат преку разни настапи, натпревари.** Нашето училиште до сега има добиено многу награди и признанија на сите полиња каде што се презентира работата на многубројните слободни ученички активности.

## 6. Организација и реализација на јавната и културна дејност

По повод **Детската недела** која оваа година се одбележа од 04 до 10 октомври, нашите **ученици од прво одделение заедно со своите наставнички Соња Даниловска и Ленче Лазаревска** на различен начин со разновидни работилници ја обележаа неделата на детето. Учеа за детските права, цртаа на различни теми, ги учеа правилата и кодексот на однесување на секое дете како во училиште така и надвор од училиште, дома... За оваа година мотото е поврзано со актуелната состојба со вирусот и гласи: **„Јас избирам здравје, а ти“?**

**На 22.10.2021 година учениците од прво одделение ја посетија градската библиотека која работи во склоп на Домот на културата „Злетовски рудар“** и беа бесплатно зачленети во истата.

Со оглед на актуелната ситуација со пандемијата, и оваа година **НЛБ Банка** не беше во можност да ги повика децата во просториите на банката и да **го одбележи 31 октомври денот на штедење,** но секако **организираа различни едукативни и забавни активности, преку кои ги повикаа децата да штедат и цртаат.**

Темата на годинешниот Месец на штедење е: **„Да ја сочуваме нашата планета”.** Оваа година покрај активностите со цртање, беше организирана и еко-акција односно натпревар помеѓу основните училишта за собирање на пластични шишиња.

АКЦИЈА СО ЦРТАЊЕ

Децата на возраст од 5 до 15 години имаат можност да нацртаат цртеж на тема „Штедење” или „Да ја сочуваме нашата планета.”

Како и минатата година и оваа, цртежите можеа да се прикачат преку веб страницата креирана за оваа намена www.stedenje.nlb.mk

Банката ќе ги награди најдобрите 30 цртежи со штедна книшка на износ од 3.000 мкд, односно 10 цртежи со најголем број гласови собрани преку веб страната www.stedenje.nlb.mk и 20 цртежи со најголем број гласови од страна на комисијата составена од реномирани македонски уметници.

Оваа година поради светската пандемија со Ковид 19, општина Пробиштип **5 Октомври** не го одбележа како досега со пристојна манифестација, меѓутоа **беше одбележан на ниво на училиште со изработка на честитки од страна на учениците за нивните наставници.**

Во чест на одбележувањето на 5 Октомври - Денот на учителот, Факултетот за образовни науки при Универзитет "Гоце Делчев"-Штип,и Здружението на одделенски наставници ЗОН организираа **Тркалезна маса на која беа презентирани повеке трудови од областа на образованието, а со свој труд Воннставни и проектни**

**активности во одделенска настава  се претстави и  нашата наставничка Марија Богатиновска.**

**“Ментално здравје – сега е моментот“ е проект кој Здружението на граѓани Младите можат во партнерство со Y-peer Македонија, го спроведува како дел од Еразмус плус програмата поддржана од Европската Унија.**

Иако темата почнува да се актуелизира кај младите, таа е се уште табу за поширокото општество, па затоа преку овој проект се настојува  да се подобри соработката помеѓу различните засегнати страни во граѓанското општество за промовирање на важноста и потреба за грижа за менталното здравје на младите како основна компонента на личниот раст и развој. Настанот  се одржа на 5ти октомври 2021 година, со почеток од 12.00 часот во Радио кафе Канал 77, Штип, на кој присуствуваа директорката и психологот на нашето училиште.

**На ден 12.10.2021 година наставничката Соња Даниловска  со своите ученици зеде учество во Европската недела на кодирање - EU Code Week 2021 и организираше  сопствен настан - Кодираме и учиме - активности со кодирање користејќи ја играта Codable.**

**На 05.10.2021 година учество на Најголемиот светски час за заштита на природата (The Great Big Lesson for Climate & Nature) зедоа учениците од трето одделение заедно со нивната наставничка Марија Богатиновска.**

**Марија Богатиновска со нејзините ученици на 05.10.2021 година учествуваше на Европската недела на кодирање Europe Code Week 2021 со активноста „Цвет за мојата учителка“- изработка на шеми по дадени кодови.**

По повод светскиот ден на детето, **учениците од IIIa одд. зедоа учество во Едуино „Игратон“** со 5 различни активности-Коцкаста приказна, Кружен календар, Пресликување на фолија, Детективи во лов на литературни богатства, Трка на емоции.

**Во склоп на меѓународниот преоект „Дарување, радување и новогодишно другарување“ учениците и наставничката од IIIa одделение, собраа парични средства со кои купија новогодишни пакетчиња кои ги испратија на деца од ранливи групи**. Изработија и уникатни новогодишни честитки кои ги испратија на децата

од Дневниот центар. Собрани беа и облека и играчки кои беа селектирани и донирани на соодветни семејства од ранливи групи.

**Врз основа на Концептот за граѓанско образование во основното образование ученичкиот активизам има за цел вклучување на целото училиште** ( и локалната заедница) во промоција на граѓанските вредности и практикувања на демократско однесување, а истовремено да ги оспособува учениците да бидат одговорни, активни граѓани, кои ефективно ги извршуваат своите улоги во општеството. **Во тој домен нашите ученици, наставници и одговорните од ЈКП„Никола Карев“ – Пробиштип на 29.12.2021 год. спроведоа ЕКО акција „ЗАСАДИ ДРВО-ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА“.**

## 7. Организација и реализација, грижа за здравјето на учениците и наставниците

На почетокот од оваа учебна година односно на **02.09.2021 година** во соработка со Центарот за јавно здравје - Штип се изврши **санитарен преглед на сите наставници,** со земање на брис од нос и грло.

Учениците исто така се опфатени со различни програми со грижа за нивното здравје. Од страна на Центарот за јавно здравје - Штип на **09.09.2021 година на учениците од Vа и Vб одделение им беше мерена висина и тежина.**

**На 14, 15,и 16.09.2021 година учениците од IX одделение ја примија вакцината Полио.**

Од страна на Центарот за јавно здравје – Штип, по препорака на МОН на **28.10.2021 година направен е скрининг на 15 ученици од I до IX кои се избрани за учество во превентивно тестирање за Ковид-19,** по случаен избор од електронскиот дневник за што претходно требаше да се обезбеди согласност од родителите.

Од страна на претставници на Црвен крс од Пробиштип на ден **09.11.2021 година за учениците од осмо одделение беше одржана врсничка едукација на тема „Болести на зависност“.**

Во соработка со Здравствен дом „Нада Михајлова“ Пробиштип во **периодот од 22 до 26.11.2021 година извршен е систематски преглед на учениците од прво одделение.**

Исто така од страна на Здравствениот дом „Нада Михајлова“ Пробиштип на **7, 9 и 10.12.2021 беше направен стоматолошки преглед за учениците од VII одделение.**

На **15.12.2021 година во организација на Црвен Крст – Пробиштип во нашето училиште беше организирано предавање на тема „Сексуално преносливи боолести,ХИВ и СИДА“,** а предавач беше др. Дарко Андоновски.

**На 21.12.2021 година стоматолошки преглед беше направен и кај учениците од II одделение.**

## 8. Професионално унапредување

## и усовршување на наставниците

Нашето училиште секогаш им овозможува и соодветна обука, посета на семинари, надоградување и усовршување на наставниците во нивната област, се со цел за поквалитетно образование.

Бирото за развој на образованието организира обуки за наставниците од I и IV одделение за новите наставни програми согласно Концепцијата за основно образование **Модул 1**.

На 02 и 03.07.2021 година Бирото за развој на образованието исто така организира обука за наставниците од I и IV одделение за новите наставни програми согласно Концепцијата за основно образование **Модул 2.**

На 26.08.2021 година електронски се реализираше обуката за **Модул 3 -** Реализација на новата Концепција за основно образование за наставниците кои ќе предаваат во I и IV одделение во учебната 2021/2022 и стручната служба од училиштето.

Биро за развој на образованието организира и дополнителна обука за **Модул 2 и Модул 3** од Концепцијата за основно образование за наставници и стручни соработници за кои од било какви причини не успеале да ги проследат обуките во редовните термини.

Обуката беше реализирана на платформата ТИМС на 31.8.2021 година

Исто така од страна на Бирото за развој на образованието беше организирана еднодневната обука на тема: ***Спречување и борба против трговија со деца*** и истата се реализира на платформата ZOOM ден **15.11.2021 год. (Понеделник)**

На ден 30.11.2021 год. и 01.12.2021 година на платформата ZOOM WEBINAR учениците од IX одделение заедно со нивните одделенски раководители го проследија Дигиталниот саем за средно стручно образование организиран од проектот Образование за вработување во Северна Македонија во соработка со МОН.

**Од страна на БРО и Министерството за образование, беше искажана благодарност за особен придонес во воспитно образовниот** процес до повеќе наставници, меѓу кои и наставничката од нашето училиште Марија Богатиновска.

Оваа учебна година како и минатата за **наставниците по граѓанско образование** се организираше online презентација, **„Концепт за граѓанско образование во основното образование и насоки за имплементација“,** како и **„Примери на добри практики за ученички иницијативи“.** Целта од оваа презентација-обука е токму наставниците кои предаваат Граѓанско образование да ги насочат учениците кон се она што всушност значи покренување на граѓански иницијативи, како и да се насочат наставниците на учениците да им пренесат знаење и имплементација во она што го изучуваат.

Без разлика дали таа се изведува со физичко присуство на учениците, или, пак, ќе се изведува online, наставникот треба да биде подготвен и да нуди решенија. Едно од решенијата е на наставата да и се пристапи холистички преку интегрирање на целите предвидени во наставната програма од сите наставни предмети.

Училиштата се ставени пред бројни предизвици, а еден од нив е и реорганизацијата со цел да обезбедат континуираност на најважниот процеси во животот на една млада индивидуа образованието и воспитувањето во училишната средина.

**ЕДУИНО ПЛАТФОРМАТА** организира голем број на вебинари на кои учествуваат голем број од нашите наставници што секако зависи од нивните потреби и интереси.

Во текот на месец декември од страна на директорката и стручната служба во училиштето по однапред изготвен распоред, беше направен увид во наставата со цел да се утврди како се реализира истата во пандемиски услови.

## Анализа на табеларните и графички прегледи за првото полугодие на учебната 2021/2022

## Преглед на успех,

## изостаноци и поведение на учениците

Средниот просек за првото полугодие од оваа учебна година изнесува **3,82.** Во **одделенска настава од ова полугодие оценувањето е описно** за сите ученици од прво до петто одделение, во предметна кај учениците од **шесто одделение исто така и на полугодие оценувањето е описно,** додека кај останатите ученици од **седмо до деветто**

**одделение средниот просек е 3,82**. Споредено со изминатата година се забележува **намалување на успехот**.

Во **предметна настава највисок среден просек имаат** паралелките VIIа (4,22), VII в (4,6) и VIIIа (3,85), а **најнизок среден просек** имаат паралелките IXв (3,40), IXб (3,43) и VIIIб (3,59),

На ниво на училиште има вкупно **30 ученици кои имаат 1, 2 или повеќе од 3 слаби оценки,** што претставува **зголемување за 3 ученици во споредба со минатата година.**

Во овој период од учебната година се регистрирани вкупно **2851 изостаноци.** Од нив **оправдани изостаноци се 2707,** и тоа во **одделенска настава 1470 изостаноци,** и **1237 оправдани изостаноци во предметна настава.** Споредбено со минатата учебна година, во оваа учебна година 2021/2022 имаме зголемување во однос на оправданите изостаноци.

Бројот на неоправдани изостаноци во овој прв клафикационен период од оваа учебна година изнесува **144 неоправдани** ( само во предметна настава ).

Во паралелките од одделенската настава не се изречени педагошки мерки. Додека во паралелките од предметна настава во првиот класификационен период од оваа учебна година 2021/2022 се изречени неколку **педагошки мерки.**

Од нив **шест** се **усна опомена** од одделенски раководител: VIIб ( една ), IXб ( три ) и IXв ( две ), **писмена опомена од одделенски раководител вкупно две:** VIIб ( една ) и и IXв ( една ) и **еден укор** во VII б одделение.

## Преглед на успех на наставници

**Со највисок среден просек во училиштето:**

**Задолжителни предмети:** Слободан Петковски - ФЗО 4,48, Методи Кралевски - ФЗО 4,8,Живко Ангеловски – Математика 3,97. Христина Митевска – Музичко образование 3,85 , Новица Арсов – Ликовно Образование 3,86.

**Изборните предмети: ( предметот Вештини за живеење е со највисок просек )** Ѓоко Антониев – Вештини за живеење 5,00 , Стојна Гичева - Вештини за живеење 4,79 и Станка Тасева - Вештини за живеење 4,71.

**- Додатна, дополнителна настава, како и слободни ученички активности исто така се реализираа во текот на учебната 2021/2022 година.** Кај одредени наставни предмети не беше застапена, но сепак во договор со ученици се реализираа по најголем број предмети. Меѓу нив најмногу по Македонски јазик, Англиски јазик, Германски јазик, Физика, Биологија, Хемија, Историја.

За надминување на регистрираните проблеми, недостатоци и недоразбирања во текот на учебната година се одржаа повеќе состаноци на стручните тела и органи на училиштето (односно одделенски, наставнички, стручни активи, кои поради пандемијата со КОВИД-19 состаноците се одржуваа online, преку TEAMS ).

Не постои проблем од наставно - стручен аспект кој не  е поставен и третиран  на споменатите стручни тела, кои редовно одржуваа состаноци според календарот на Годишната програма за работа на училиштето. На состаноците со стручните тела и Органи на управување, се расправаше, анализираше и се донесуваа одлуки, заклучоци, ставови, се даваа мислења се со цел подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците, подобрување на работните услови и работна клима.

Со еден збор, можеме да кажеме дека ООУ„Никола Карев“ - Пробиштип, во текот на учебната 2021/2022 година и во услови на Светска пандемија, успешно ја има реализирано наставната програма предвидена за првото полугодие..

За надминување на некои регистрирани проблеми, недостатоци и недоразбирања во досегашниот период од учебната година, ги предлагаме до Наставничкиот совет, односно до наставниците, а воедно и до вработените во училиштето, да се почитуваат и доследно да се спроведуваат следниве потребни мерки:

- Навремено заминување на наставните часови и почитување на работното време;
- Почитување на дежурството, дежурните наставници и вработените, како и почитување на должностите и времето на дежурните наставници;
- Континуирано следење на успехот, редовно, реално и објективно оценување на учениците, односно следење и вреднување на работата;
- Поголема соработка помеѓу училиштето (наставниците) и родителите, индивидуален контакт, родителско – наставнички средби (општи и посебни);
- Постојано стручно – педагошко усовршување на наставникот и другиот стручен кадар;
- Навремено изрекување на педагошки мерки и нивно доследно почитување.